ПАТРИМОНИУМ.МК, година 10, број 15 / 2017
УДК: 903.26 : 398.3)497.715= "63"

Бобан ХУСЕНОВСКИ
Н.У. Музеј - Гевгелија

ПРИВРЗОКОТ -“ЛИРА” ОД НЕКРОПОЛАТА МИЛЦИ

(*Прилог кон проучувањето на религијата на пајонските заедници во Долно Повардарје*)

Клучни зборови: Лира, *phorminx*, соларен култ, Аполон, Пајонија, некропола Милци.

Апстракт: *Почитувањето на Сонцето како извор на светлината и животот, допира до коренитe на човечката цивилизација. Неговиот основен симбол – кругот е еден од најексплоатираните мотиви во иконографијата и орнаментиката, документирана во богатиот инвентар на “македонско-пајонските” бронзи во текот на железното време. Со еманација на божествата, симболите се трансформираат во лични атрибути на одредениот бог. Во ингеренциите на богот Аполон, помеѓу другите е и грижата за музиката. Еден приврзок-лира во некрополата Милци ги обединува и двата аспекта. Појавата на ваков уникатен предмет без конкретни аналогии во овој дел на Долно Повардарје, уште еднаш укажува на значењето на некрополата Милци во проучувањето на религијата на пајонските заедници.*

Археолошки ископувања на некрополата Милци кај Гевгелија се реализирани во повеќе наврати[1], а дел од резултатите веќе се публикувани.[2] Со систематските ископувања изведувани од 2011-2016 год. се откриени 79 гробни конструкции (75-153). Освен деталната анализа на целокупниот материјал, а посебно на групата гробови со женски покојници, го издвоивме гробот 125 во кој е откриена нова форма на бронзен предмет, на кој упатува насловот на трудот.

Гробот претставува циста, во целина конструирана од неколку внимателно обработени камени плочи. Затворената гробна конструкција со димензии 1.80 x 0.40 м., ја откривме на длабочина од 1.60 м, со ориентација североисток - југозапад. По чистењето на гробната комора од наслаги земја, констатиравме дека инхумираното лице е положено на грб, со прекрстени раце на стомакот.[3] (сл. 1, Т. I)

Гробниот инвентар се состоеше од една расфрлана ниска мониста од бледожолта и сина стаклена паста, компонирана во облик на ѓердан (Т. III/1). Покрај десната страна на вилицата имаше фрагментирана железна игла (Т. III/2). Над десното и под левото рамо, две “очилести” фибули, чии дискови се поврзани со јазол во форма на “осумка” (Т. III/3,4). Покрај надворешната страна на левата нога, помеѓу колената и стапалото бил приложен керамички комплет, составен од длабока чинија со две хоризонтални, закосени рачки, шолја со две вертикални рачки и бокал со косо засечена задна страна на вратот (Т. III/5-7). Покрај десното стапало група метални предмети била составена од еден уникатен бронзен предмет во форма на музички инструмент - лира (сл. 2, Т. II/8), една чашка со капаче (Т. III/9) и ажуриран висулец (Т. III/10).

Дел од гробните прилози, т.е. групата бронзени приврзоци, беа надвор од претпоставената изворна позиција, која според култната чашка, во затворени гробни целини вообичаено се наоѓа

[1] Археолошки ископувања од заштитен карактер се реализирани во 1979, 1983, (1995 - необјавени) и 1997 год.

[2] Пашиќ Р. и др., Некрополата “Милци” кај Гевгелија, *Културно наследство* XI, РЗЗСК, Скопје 1987, 75-103; Хусеновски Б., Милци 1997 - заштитно ископување, *Macedoniae Acta Archaeologica* 16, Скопје 2005, 89-116; Хусеновски Б., Војнички гроб од некрополата Милци кај Гевгелија, *Патримониум.мк* 13, Скопје 2015, 11-36.

[3] Од истражени 79 гробови, 35 припаѓаат на возрасни женски лица, кај кои остеолошкиот материјал е солидно сочуван. Од целата група женски гробови, само на две покојнички рацете не им биле прекрстени на стомакот. Спротивно, без исклучок во гробовите со машки покојници, рацете се испружени покрај телото; Види: Пашиќ Р. и др. 1987, гроб 28, 77.

околу појасот. Обичајот на поместување на гробните дарови најчесто е застапен кај повеќекратната употреба на гробните цисти, кога прилозите на првопогребаниот покојник се собираат и групираат во некој од долните агли на цистата[4] или надвор од неа. Во оваа интактна гробна целина, не регистриравме остеолошки останки од друг покојник.

* * *

Во инвентарот на утилитарни, украсни и култни метални предмети, откриени во текот на ископувањата на некрополата Милци од 2011-2016 год., има голем број почести и поретки типови, но и нови, досега незастапени во овие категории. Сите тие се најдени во затворени гробни целини, што во односното време на некрополата Милци ѝ обезбедува место на најзначајно наоѓалиште со погребни метални прилози, а посебно на "македонско-пајонските" бронзи во овој дел на Долно Повардарје.[5]

Анализата на гробните прилози од гробот 125, пред сé, ќе ја фокусираме кон нивното хронолошко и културно вреднување[6], и поврзаноста со идентичниот хронолошки осетлив движен материјал од некрополите во Долно Повардарје и поширокиот регион. Интересот е насочен кон откриениот, нов тип на бронзен привр зок, кој според обликот претставува намалена стилизирана копија на музичкиот инструмент лира. Одредувањето на функцијата и каркатерот на овој уникатен предмет, во недостиг од соодветни аналогии, овој обид го прави хипотетичен и сложен. Неговата појава во дадениот контекст на некрополата Милци може да го доближи до категоријата на декоративни предмети, но и до категоријата на вотивни или предмети со култна намена, со можност да ги обединува двете функции. Несомнено е дека со него ќе се збогати листата на металните гробни наоди, класифицирани во периодот на развиеното железно време. Не е неприфатлива идејата дека тој претставува уште еден "инструмент" од инвентарот, поврзан со постоечкиот соларен култ, односно со богот Аполон[7]. Неговата појава во контекст на едно погребување, го збогатува поимањето на религијата на носителите на погребните манифестации со уште една нијанса, а секако дава можност за анализа на малку истражуваниот аспект на духовниот живот на пајонските заедници - музиката.

* * *

На некрополата Милци и другите некрополи по течението на реките Вардар и Брегалница и поширокиот регион на Балканот, привр зок во облик на лира, како дел од гробен инвентар во дадениот период, не е регистриран.[8]

Сознанијата за лирата како музички инструмент, нејзиното потекло и употребата во медитеранските цивилизации се потпира главно на материјални наоди и пишани извори, кои го покажуваат месопотамското потекло на лирата во егејските цивилизации.[9]

Меѓу другите, во референтниот труд "*The history of Musical Instruments",* авторот Curt Sacsh коментира дека лирата во својство на музички инструмент за првпат се појавува меѓу уметничките творби датирани ок. 3000 год. пр.н.е., на некрополата во Ур во Сумер[10] (сл. 3) Во текот на периодот на Новото кралство на Египет, имало тип на лира, која како и претходната, била од асиметричен тип. Симетричниот тип на лирата, кој пак доаѓа од Азија[11], за првпат се споменува меѓу египетските папируси од 1300 год. пр.н.е. Во Грција е позната како инструмент на боговите, користен во моментите кога Аполон ги забавувал боговите, односно толкувана како "Аполонова страна на грчката

---

[4] Види слични примери кај: Пашиќ Р., Археолошко испитување на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Зборник* (1975-1977), кн.VIII-IX, Скопје 1978, гроб 45, 27; Пашиќ Р. и др., 1987, гроб 6, Т. IV/1-9; Митревски Д., Дедели, Скопје 1991, гроб 20, Т. V/8-19; гроб 29, Т. VIII/12-20.

[5] Станува збор за повеќе од сто предмети, приложени во гробовите со женски покојници.

[6] Гробните прилози се илустрирани на Т. II-III, а нивниот детален опис е поместен во каталогот на наодите.

[7] Поопширно за појавата и усовршувањето на лирата во функција на музички инструмент, како и нејзината атрибуција, види подолу.

[8] Во достапната домашна и странска литература, не сретнав податок за идентичен или сличен бронзен тродимензионален наод.

[9] Creese E.D., The Origin of the Greek tortoise-shell lyre, Nova Scotia 1997, 27-45.

[10] Sacsh C., The History of Musical Instruments, New York 1968, 78-79, T. III, IVa. - откриените примероци се наоѓаат во Британскиот музеј и музеите во Филаделфија и Багдад; на сл. 3 е прикажан свирачот на лирата, детаљ од "Royal Standard of Ur - тнр. Кралско знаме од Ур, и откриената лира на кралската некропола во Ур. Сликата е преземена од: Images of power: Ancient near east: Focus (Sumerian art and architecture), http://www.castlehs.com/users/ccozart/AP%20Art%20%20History/StudyGuidePowerPoints/ImagesOfPower/2_Ancient_Near_East_Sumerian_.pdf, (30.03.2017).

[11] Ibidem., 101-102.

сл. 1

душа и живот". Нејзиното прво споменување се врзува за IX век пр.н.е., во Хомеровата Илијада.[12] Во митологијата, пронаоѓањето на лирата му се припишува на Хермес (направена од оклоп на желка и рогови на елен), која подоцна му ја отстапил на Аполон, кој меѓу другото, бил препознаен и како Бог на музиката.[13] За различниот број на жиците кај првата лира (три, четри или седум), причините се бараат помеѓу спротивставените толкувања за авторство меѓу Хермес и Орфеј.[14]

Што се однесува до пронаоѓачот на лирата со три жици (што одговара на бројот на жиците на нашиот стилизиран примерок), Проева Н., го наведува цитатот кај Плиниј (*Plin.,HN., VII,204*), во кој тој пронајдок му се припишува на Линос.[15]

Задржувајќи се на претпоставката дека станува збор за стилизирана претстава на музичкиот инструмент лира, непоходно е да ја земеме предвид и другата можност, дека можеби станува збор за *phorminx* (φόρμιγξ), инструмент кој исто така припаѓа на фамилијата лири и китари, но под ова архаично име бил познат и споменат во еповите на Хомер. На разликата помеѓу формата и времето на употреба на лирата и *phorminx-om*, укажуваат Sasch C.[16], Bouzek J.[17] и Creese E.D.[18] Во класичниот период *phorminx*-от првенствено е поврзана со култот на Дионис, со кој Проева Н.[19] ги поврзува трите гробови на женски лица со знаменит социјално-културолошки статус, откриени на некрополата Милци.[20]

За нас од суштинско значење е атрибуцијата на лирата на богот Аполон, кој во улога на чувар на музиката, ќе се доближи до обичајот за почитување на култот на Сонцето кај пајонските заедници. Почитувањето на Сонцето како извор на животот, било преточено во еден од најстарите култови раширен по европскиот, медитеранскиот и балканскиот простор уште во бронзеното време. Можните правци на ширењето на соларниот култ преку Египет и Анадолија, и неговата натамошна дисперзија преку грчкиот простор (Крит и Микена), до пајонскиот ареал, го застапуваат Соко-

[12] Ibidem., 129-130, Pl. VIII, b.

[13] Graves R., Grčki mitovi, Beograd 1995, 33-34, 17/a,c; 42, 21/g,h.

[14] Ibidem., 35, 17/I; Проева Н., Религијата кај Античките Македонци, Скопје 2014, 157.

[15] Проева Н. 2014, 158.

[16] Sasch C. 1968, 130.

[17] Bouzek J., Homerisches Griecheland, Praha 1969, 201, Abb. 1-4,5. Idem., Greece, Anatolia and Europe: Cultural interrelations during the Early iron age, *Studies in Mediterranean archaeology*, Vol. CXXII, Jonsered 1997, fig. 240.

[18] Creese E.D., 94.

[19] Проева Н. 2014, 157.

[20] Ibidem., 119; Се работи за гробовите-јами бр. 99, 108 и гробот-циста бр. 114, во кои авторот на трудов откри три масивни дискови со радијално пробиени триаголници - пафти. Во контекст на гробот 15 од Лисичин Дол, во кој е откриена идентична пафта, постои размислување од страна на истражувачот (Митревски Д. 1999, 69-91), дека наодот треба да се поврзе со т.н. погребување на пајонска свештеничка.

ловска В.[21] и Петрова Е.[22] Повикувајќи се на делото на (Еванс А. 1921-1935), Петрова Е., ја поддржува идејата дека преку Египет и Крит елементите на соларниот култ се внесени во пајонскиот културен круг.[23] Но култот на Сонцето го има кај сите народи уште од праисторијата, зашто е еден од условите за живот.[24]

Најблиска аналогија со приврзокот лира од Милци е истовидниот инструмент изработен во бронза, прикажан на фигурата на "свирачот на лира" од Крит[25], датирана во геометрискиот период - 900-800 год. пр.н.е. (сл. 4), како и намалениот примерок на лира изработен од олово, како вотивен дар, регистриран во храмот на Артемида Ортиа (*Artemis Orthia*)[26] во Спарта, датиран во 700-600 год пр.н.е. (сл. 5). Појавата на мотивот на "свирач на лира" се врзува и за Северно сиријските геми, кои феничаните по утврдените морски рути ги дисперзирале по целата северо-источна обала на медитеранскиот басен.[27] Што се однесува до нејзината сликана претстава, таа во рамките на минојската уметност фигурира на една пиксида од Хања - Khania[28] на Крит, датирана во доцноминојскиот период

сл. 2

(*Late Minoan III*), односно попрецизно помеѓу 1400 - 1100 год. пр.н.е. (сл. 6).

Најексплоатираните медиуми во популаризацијата на лирата, во функција на музички инструмент, а воедно и како атрибут на Аполон, биле сликаните претстави на керамичкиот и релјефните на нумизматичкиот материјал. Споменатата иконографија изобилува во масовната керамичка продукција за време на грчкиот геометриски и архајски период. Што се однесува до интерпретацијата на нумизматичкиот материјал, како двојна-обединета претстава на Аполон/лира, односно богот и неговиот атрибут, таа е прикажана на аверсите и реверсите на некои монети. Типично е нивното прикажување помеѓу другите, и на раните златни и сребрени серии на Халкидиската Лига[29] од 392-379 год.пр.н.е., како и на подоцнежните ковања на

[21] Соколовска В., Етничките носители на Требенишката некропола, Скопје - Охрид 1997, 61-72; Eadem., За импортот во Пајонија во античко време, *Патримониум.мк* 14, Скопје 2016, 53-60.

[22] Петрова Е., Пајонија во II и I милениум пред н.е., Скопје 1999, 127.

[23] Ibidem., 127-128, забелешка 1.

[24] За култот на Сонцето кај Македонците, в. Проева Н. 2014, 173-174.

[25] Чаусидис Н., Македонски бронзи и религијата и митологијата на железнодобните заедници од средниот Балкан, Скопје 2017, 212, Т. Б33, 8 - (фотографијата авторот ја презел од: *Lessingimages.com*

http://www.lessingimages.com/viewimage.asp?i=10020112+&cr=3&cl=1 (24.07.2013); Експонатот се наоѓа во музејот во Ираклион, на Крит.

[26] Creese E.D.1997, 57, fig. 16 (со литературата).

[27] Bouzek J. 1997, 161, fig. 183.

[28] Creese E.D. 1997, 82, fig. 11 (со литературата); Експонатот се наоѓа во музејот во Хања-Khania; Сликата на садот е преземена од: https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/f/fd/Clay_pyxis%2C_Minoan_funeral_ceremony%2C_Aptera%2C_1300-1250_BC%2C_AM_Chania%2C _076150.jpg (30.03.2017).

[29] BMC Macedonia 1876, B.V. Head, *A catalogue of the Greek coins in the British Museum*, Macedonia, Etc., London 1876, 66-67, fig. 1-8.

сл. 3

Амфипол и Пела од 187/6-168 год.пр.н.е., кои се откриени и помеѓу нумизматичкиот материјал на античка Гортинија (Вардарски Рид).[30]

За соларните симболи и претстави во рамките на религијата на пајонските заедници во Македонија, коментар понудиле повеќе домашни истражувачи.[31] Во традицијата на носителите на култот и неговата презентација, учествуваат најмалку три фактора: во непосредниот круг на првиот влегуваат симболите на Сонцето, пренесени врз обликот и декорацијата на накитот, култните и утилитарните предмети, вториот пак посредно се врзува за животните елементи, кои во симбиоза со Сонцето го презентираат целокупниот циклус и причини за неговото постоење. Имено, во рамките на вториот фактор, значаен дел од соларната иконографија отстапува место на зооморфните претстави (птици, коњи), па и појава на антропоморфни претстави (седечка фигура на човек врз - т.н."затворачи за кани") кои ја дефинираат зависноста на оваа домашна земјоделско-сточарска заедница од практичната функција на Сонцето. Во тој круг, не помала улога има и третиот фактор, кој почива врз геоклиматските предуслови (плодната земја, близината на речните токови и благопријатната клима) врз кои Сонцето повторно има благотворна улога. Во целиот мозаик на персонифицирани елементи на иницијалниот култ, се појавува и нов приврзок во форма на "лира". Формата и орнаментиката на приврзокот има силен естетско-декоративен израз. Освен впечатокот дека е украсен предмет, што е второстепено, тој е и реален приказ на еден многу популарен антички, домашен музички инструмент. Исто толку е можно овој предмет да имал и култна намена. Појавата на приврзокот лира во контекст на гробот 125, заедно со изворните облици на останатите прилози од т.н. "македонско-пајонски бронзи", укажува дека и тој имал таква улога и веројатно бил поврзан со култот на Сонцето. Зајакнувањето на таа улога го одразува и двојната претстава на (стилизирани висулци од типот на "ажурирани" топки ?), вметнати помеѓу аглите на роговите и хоризонталната прачка на приврзокот. За ажурираната топка нема сомнение за неговата улога токму во култот. Тој аспект на приврзокот дополнително ги нагласуваат доминантните симболи, со кои се пробиени четирите страни на шупливата рамка - роговите (Т. II/8). Повеќе гробни прилози - пафти, фалери, копчи, композитни висулци и др., се обликувани или украсени, во духот на тие симболи. Истиот тип на ликовни претстави, со техника на пробивање или врежување, помеѓу други многубројни примероци, е документиран кај: појасот од Дубиче (Вучидол)-Волково[32], приврзок-псалија од Сува Река, ажурираниот приврзок од Бишов Јавор[33], композитните приврзоци од Бохемица (*Axioupolis*)[34], како и идентичните наоди од гроб 111 од некрополата на Милци.[35]

[30] Хусеновски Б., Античките монети од Вардарски Рид, Том I, Гевгелија 2004, Пела - 175-178; Idem., Античките монети од Вардарски Рид, Том II, (подготвено за печат), Амфипол - 222, 223, Пела - 402-408.

[31] Соколовска В., 1997; Петрова Е. 1999; Митревски Д., Гробот на пајонската свештеничка, *Macedoniae Acta Archeologica* 15, Скопје 1999, 69-91; Соколовска В., Религија и култови во хеленистичкото време на територијата на Република Македонија, *Патримониум. мк* 12, Скопје 2014, 63-77; Проева Н. 2014; Чаусидис Н. 2017.

[32] Санев В. и др. 1976, сл. 617.

[33] Хусеновски Б.- Сламков Е. 2005, сл. 51, 54.

[34] Savvopulou-Yiannaki T., La civilization Grecque-Macėdoine royaume d'Alexandre le Grand, Athènes 1993, fig. 121; Eadem., «Απ' Αξιου ευρυ ρεοντοσ Αξιου, ου καλλιστον υδωρ επικιδναται Αιαν», *Ancient Macedonia* VII, Thessaloniki 2007, Ειχ. 2,12,16.

[35] Гробот е откриен во текот на истражувањата на некрополата Милци во 2014 год., во него беа регистрирани пет масивни композитни привзоци, чии површини се целосно украсени со геометриски слики на пробиени кругови и триаголници (Трудот е во подготовка за објавување).

За изработка на ажурирани приврзоци, посебно на оние со сложен композитен облик, потребни се знаења на мошне усовршени леарски техники. Во изработката на "лирата" и другите споменати ажурирани приврзоци, употребена е техниката на "истечен восок" - *cire perdue*. Тоа е комплексен занаетчиско-уметнички метод, кој веројатно бил практикуван од страна на мајсторите во некој од познатите регионални тореутички центри на блискиот Халкидик.[36] Доколку не ја исклучиме и претпоставката дека станува збор за размена на подарок со вотивен карактер со кој се изразени, потврдени или се во процес на создавање извесни општествени врски меѓу двајца партнери [37], тогаш неговото потекло, би требало да се бара во блиското опкружување. Во исто време, скромните аналогии остваат можност, "лирата" да се посматра и како производ на некоја подалечна провинциенција, односно да претходи на археолошкиот и временскиот контекст на гробот бр. 125. Некои идни теренски истражувања, како што е чест случај во археологијата, може битно да ја изменат сликата за наодот со која располагаме денес.

Накит

Деталната анализа и аналогиите на изворниот археолошки контекст на гробот 125 се од најголемо значење и помош во хронолошкото и културното дефинирање на "лирата" од Милци. Во тој обид бронзената култна чашка[38] е најсоодветен елемент, иако во нејзината заднина фигурираат и останатите метални и керамички наоди. Хронолошката детерминација на приврзокот "лира", без споменатиот контекст би била неубедлива.

Култната чашка е релативно чест и временски осетлив наод, чии типолошко-стилски одлики Бузек[39] ги класифицирал во десет основни групи со неколку варијанти. Нашиот примерок припаѓа на групата - А[40] (Т. III/9), кај која протомите на птиците се појавуваат само на аглите од капакот. Според истиот автор, најраната појава на овој тип приврзоци (*pyxis pendants*) е крајот на VIII и по-

сл. 4

четокот на VII век пр.н.е., кога групата - Б1 врз основа на археолошкиот контекст, во кој се откриени чашките во храмот на Самос, прецизно е датиран помеѓу 730-670 год. пр.н.е.[41] На чашката од гробот 125, типолошки најблизок и е примерокот од гробот бр. 9 од некрополата Чаушица[42] (*Chauchitsa*), која според Бузек Ј.[43], е класифицирана во групата А (подгрупа А4). Тоа е група која ја следи и делумно временски се преклопува со наодите од најраната група Б, датирана на крајот од VIII и почетокот на VII век пр.н.е. Според Васиќ Р.[44], овој тип на амулети го сочинуваат четри

[36] Mikulčić I. 1966, 43-46; За подоцнежно почитување на култот и неговото ширење во одредени региони, укажува погоре споменатото монетоковање на Халкидиската Лига, Амфипол и Пела.

[37] Бабиќ С., Поглаварство и полис, САНУ - Балканолошки институт, *посебна издања* 81, Београд 2004, 39-40 (со литературата).

[38] На некрополата Милци се евидентирани идентичен тип на чашки во гроб бр. 99 и 107.

[39] Bouzek J., Graeco-Macedonian bronzes (Analysis and chronology), Praha 1973, 24-37.

[40] Ibidem., fig. 5/1-8, fig. 6/1-6, 8, 9.

[41] Ibidem., 31, fig. 8, 4; Idem., Macedonian bronzes, Their Origins, Distributions and relations to Other Cultural groups of the Early Iron Age, *Památky archeologické* LXV, Praha 1974, 305.

[42] Некрополите Милци и Чаушица се лоцирани на левиот брег на р. Вардар, меѓусебно оддалечени околу 20 км. Гробните прилози од двете некрополи, во рамките на железното време, покажуваат типолошко-стилска еднообразност.

[43] Bouzek J. 1973, fig. 5, 5; Kilian-Dirlmeier I., Anhänger in Griechenland von der mykenischen bis zur spätgeometrischen Zeit (*Prähistorische Bronzefunde* XI, II), Munich 1979, T. 84/1499.

[44] Васић Р., Бронзе из Титовог Велеса у музеју Бенаки, *Жива Антика* XXIV/1-2, Скопје 1974, 222, 225, T. I/13-18.



сл. 5

групи, а конкретниот тип го поврзал со III-та група, која ја датира во VII век пр.н.е. Како што пишува понатаму, чашките од оваа група се најбројни и претежно се јавуваат во Македонија, што го тера да мисли дека центрите за дистрибуција, а можеби и на продукцијата, се наоѓаат токму во поширокиот периметар на наоѓалиштата.

Во близина на некрополата Милци е лоцирана некрополата Сува Река, која се протега на брегови-те и коритото на истоимената река, како и на делови од јужната периферија на современиот град Гевгелија. На неа во два наврата се вршени археолошки ископувања[45], а од иницијалните во 1975 год., во категоријата на случајни наоди фигурираат две бронзени чашки, датирани во периодот на железното време II[46], односно околу 700 год. пр.н.е.[47] На север во кругот на железновремен-

ските некрополи од гевгелиско-валандовскиот регион, типолошки идентични чашки се евидентирани на Бишов Јавор кај с. Смоквица[48] и Лисичин Дол на локалитетот Исар–Марвинци[49], дефинирани како наоди од VII век пр.н.е. Источно од Исар–Марвинци, во атарот на с. Дедели, во рамките на првооткриените шест гробови-цисти од страна на германскиот истражувач Драгендорф во 1917 год. се откриени неколку еднообразни наоди. Без намера да навлегуваме во историјатот на истражувањата и анализа на материјалот од некрополата Дедели, ќе ги споменеме само наодите кои се предмет на нашето истражување. Во инвентарот на првите шест гроба се регистрирани пет типолошко идентични чашки, кои Васиќ ги класифицира во својата - III група[50], датирајќи ги во втора половина на VII век пр.н.е. Бузек истите ги поврзува со идентичните чашки од другите некрополи, кои според хронолошко-типолошките карактеристики, исто така припаѓаат на групата - А.[51] Во текот на систематските ископувања на некрополата во Дедели[52] откриени се две чашки, од кои едната е изработена од керамика. Еден од нејзините истражувачи, двата примерока ги датира во втора половина на VII век пр.н.е., што би била нивна долна граница на употреба.[53] Освен трите[54] истражени локации во с. Дедели, евидентирана е уште една над селото, која се протега на доминантниот рид Каракуш[55], и која исто така по

[45] Пашиќ Р., Археолошки истражувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Macedoniae Acta Archaeologica* 3, Прилеп 1977, 43-56; Eadem 1978, 21-25.

[46] Васић Р., О хронологији старијег гвозденог доба у Србији, *Старинар н.с.* XXVIII, Београд 1979, 254 (со литературата).

[47] Санев В. и др., Праисторија во Македонија, Скопје 1976, сл. 650, 651; Pašić R., Povardarje u Starijem gvozdenom dobu (*magistraski rad*), Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet - Arheologija, Beograd 1981, T. XLV/1-2., (Н.У.Музеј-Гевгелија, арх.бр. 347-255 од 14.04.1987 год. - необјавен); Митревски Д. 1988, T. I/1-3; Хусеновски Б. - Сламков Е., Водич низ постојаната археолошка поставка, Народен музеј-Гевгелија, Гевгелија 2005, сл. 49/1, 49/2.

[48] Необјавен наод од гробот бр. 18 од некрополата Бишов Јавор.

[49] Видески З., Лисичин Дол - некропола од железното време (истражувања 1997), *Macedoniae Acta Archaeologica* 15, Скопје 1999, гроб 18, 110, T. VIII/5.

[50] Васић Р., Нови елементи за проучавање гвозденог доба Вардарске Долине, *Старинар н.с.* XXVIII/1976, Београд 1977, 2, (сл. 2/9-12, 14 - според Пингел).

[51] Bouzek J. 1973, fig. 4, 3-6; fig. 5, 6 – (Конкретно во групата А2, чашките од сл. 4/4 и сл. 5/6, а во групата А5, останатите три на сл. 4/3, 5, 6).

[52] Пашиќ Р., Некропола од постаро железно време во село Дедели кај Валандово, *Зборник на Археолошки Музеј Скопје* 11, Скопје 1983, 61-64.

[53] Митревски Д. 1991, 53, гроб 30, T. IX/6 и гроб 53, T. XIV/10.

[54] Ibidem., 17 – "Мелезник", "Јужна периферија на селото" и "Селско фудбалско игралиште".

[55] На оваа локација се регистрирани повеќе стотици гробови (цисти, јами и питоси), кои во подолг времен-

дефиниција, припаѓа на културната и временската рамка на некрополата во Дедели.

Во истата група се вклопуваат и наодите од Радања, чашки со мали шематизирани протоми на капакот, откриени во контекст на геометриски фибули, чие предложено датирање се движи помеѓу VIII век пр.н.е.,[56] и почетокот на VII век пр.н.е.[57] Според Бузек Ј., радањските чашки припаѓаат на подгрупата А3, во која е вброен и идентичниот наод од Долно Оризари - Велес.[58]

Вториот наод, дефиниран како ажуриран висулец – ("кафез за птици" - *"Bird-cage" pendants*), се среќава на некрополите во Долно Повардрје, како дел од постарите метални наоди (Т. III/10). Во гробот 125 е пронајден заедно со пар очилести фибули и споменатата чашка, ситуација како кај некои слично групирани наоди од Сува Река и Дедели. На бронзената чашка од Сува Река[59], која е датирана во VII век пр.н.е., три иродни ажурирани висулци се прикачени за нејзиното тело. Висулецот од Милци, може да се спореди со слични, поединечни висулци од гробовите бр. 30 и 53, како и композитниот висулец од гробот бр. 59 од Дедели, кои авторот[60] ги смета за дел од инвентарот на постарите гробни конструкции, могилки со нафрлани камења и раните гробови-цисти од Долно Повардарје. Споменатиов тип на ажурирани висулци со топчесто или елипсовидно тело, ажурирано со еден ред отвори, кусо прстенасто или зашилено дно и дршка со овален или кружен отвор, според класификацијата на Бузек Ј., припаѓаат на групите А и Б, кои ги датира во прва половина на VII век пр.н.е.[61] Јужно од некрополата Милци, распространетоста на овој тип ажурирани висулци е забележана на некрополата Бохемица (*Bohemitsa*), каде што како елемент на композитниот висулец во т.н. гроб -*"Tombe découverte le 21 juin"*, е датиран во втората половина на VII век пр.н.е.[62] Сепак, примерокот од Радања, кој е типолошки најблизок на нашиот наод, според Бузек Ј.[63] припаѓа на групата Б (Б1). Појавата и дистрибуцијата на овој тип висулци, најчесто по течението на Вардар и Брегалница, е документирана и далеку на север, во тумулот 2 - гроб 4 од некрополата Широко кај Сува Река на Косово, датиран во VII-VI век пр.н.е.[64]

За широката распространетост на "очилестите" фибули на некрополите од Долно Повардарје и централниот Балкан[65] во протогеометрискиот и геометрискиот период, постои обемна и референтна литература.[66] Во јужното соседство, нивната појава се врзува за X век пр.н.е., кога се датирани примероците од тумулите во Вергина. Од овој ран тип на халштатски фибули, има примероци "без" и "со" јазол во облик на бројот осум. На некрополата Милци на варијантата без "осумка", припаѓаат пар фибули од гробот-могилка бр. 31/35, датиран во првата половина или средината на VII век пр.н.е.[67] и необјавениот гроб бр. 54[68], како и

ски период се девастирани од страна на многубројни "диви копачи". Во материјалот, кој од дел на инволвираните лица бил одземен, подоцна од страна на надлежната установа (некогашниот РЗЗСК-Скопје), бил предаден во Н.У.Музј-Гевгелија. Помеѓу материјалот регистриравме една бронзена чашка, која во праисториската збирка на Н.У. Музеј-Гевгелија е заведена под - инв.бр. 3893. Топонимот "Каракуш" – "Црна птица" е од турските зборови (kára-црна) и (kuş-птица).

[56] Гарашанин М. - Гарашанин Д., Археолошка ископавања у селу Радању, на локалитету "Криви Дол", *Зборник на штипскиот Народен музеј* I (1958-1959), Штип 1959, 47.

[57] Гарашанин Д., Проблемот на датирањето на "македонската бронза" со посебен осврт на наодите од Радања, *Macedoniae Acta Archaeologica* 2, Прилеп 1976, 139; Bouzek J. 1973, 132, fig. 42/1; Killian K., Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Ägäis und Adria, *Praehistorische Zeitschrift Band* 50, Berlin-New York, 1975, T. 46/5.

[58] За чашката од Радања: Bouzek J. 1973, fig. 5/7-8; Killian K. 1975, T. 48/1, 7; Видески З., Македонски бронзи - *каталог*, Музеј на Македонија, Скопје 2003, сл. 122; За наодот од Долно Оризари: Алексова Б., Археолошки наоѓалишта по долниот тек на реката Тополка, Гласник I/4, Музејско-конзерваторско друштво на Н.Р. Македонија, Скопје 1954, сл. 13; Bouzek J. 1973, fig. 6, 9; Killian K. 1975, T. 57/13.

[59] Pašić R. 1981, T. XLV, sl. 4; Видески З. 2003, сл. 130.

[60] Митревски Д. 1991, T. IX/8, T. XIV/13, T. XVI/12.

[61] Bouzek J. 1973, 60.

[62] Descamps-Lequieme S., Les foilles du service archéologique dé l'armée d'Orient (1917-1918) - La nécropole Bohemitsa "Tombe découverte le 21 juin", Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011, 101-102, fig. 27/2.

[63] Bouzek J. 1973, fig. 18/1.

[64] Тасић Н., Гвоздено доба, Археолошко благо Косова и Метохије, Београд 1998, 184, сл. 177.

[65] Killian K. 1975, T. 77/1, 2; T. 78/1-4.

[66] Mikulčić I., Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, ADJ - Arheološki muzej Skopje, Skopje-Beograd 1966, 15-17; Митревски Д. 1991, 57.

[67] Пашиќ Р. и др. 1987, 77, T. XI/1; Георгиев З., Гробот 31/35 од некрополата Милци кај Гевгелија, *Зборник на Археолошки Музеј Скопје* 10-11, Скопје 1983, 65-71, T. I/3.

[68] Без податоци за каков тип на гробна конструкција се работи, фибулата е презентирана во трудот на Видески З. 2003, сл. 193.

сл. 6

содржината на гробот-јама бр. 99.[69] Нивната застапеност во содржината на гробовите-могилки и гробовите-јами е повеќекратно посведочена, додека во гробовите-цисти тие изостануваат. Примероците со "осумка" се рамноправно застапени и во гробовите-јами и во гробовите-цисти, како што покажува ситуацијата во седум гробни целини на некрополата Милци,[70] главно помеѓу материјал што гравитира кон VII век пр.н.е.

Конкретната типолошка паралела со нашиот пар фибули со "осумки", добро ги илустрираат раните примероци од т.н. гроб - "*Tombe feminine AH II*" од Вергина, датиран во првата половина на IX век пр.н.е.,[71] како и фибулата од малку подоцнежното погребување од тумулите во Висои - Беранци.[72] Во Дедели, откриените фибули со "осумка" од гробот бр. 6 (откриен 1917 год.)[73] и гробот бр. 49[74], а во контекст на дефинираните (гореспоменати) бронзени чашки, припаѓаат кон средината, односно почетокот на втората половина на VII век пр.н.е. Опстанокот на двете варијанти на очилестите фибули во текот на VII/VI век пр.н.е., го документираат примероците со намалени димензии од некрополата Сува Река.[75] На оваа

[69] Гробна јама на покојничка, со нагласен култен контекст на наодите.

[70] Гробови-јами бр.98, 106, 107, 108 и гробови-цисти бр.112, 114, 125 и 149 откриени во период од 2011-2016 год.

[71] Drougou S., Vergina, la nécropole des tumuli, Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011, 167, fig. 32; 179, fig. 83/3-4.

[72] Mikulčić I. 1966, 17, T. IV/9a.

[73] Васић Р. 1977, сл. 2, 5.

[74] Митревски Д. 1991, Т. XII/15.

[75] Пашиќ Р. 1978, гроб 9 - фибула со "осумка", 22,

популарна халштатска форма на накит, во рамките на општата хеленизација на ова подрачје по VI век пр.н.е., ќе ѝ се изгуби трагата, а трансформираниот гробен инвентар ќе ја одрази сликата на новите историски прилики и културни влијанија. Но сепак, мотивот на "очила" или композицијата на два спирални диска ќе преживее, и ќе се појави на главата на уникатниот тип на двојна игла, во контекст на војничкиот гроб 103 од некрополата Милци, кој е датиран не подоцна од втората четвртина на V век пр.н.е.[76]

Според досега обработените елементи на култната бронза и накитот од гробот 125, споредено со дел од наодите од крајбрежјето на реките Вардар и Брегалница, констатираме дека нивната концентрација и униформираност е највисока токму во овој регион.[77] За дефинирањето на причините за нивна зачестеност кон крајот на VIII-VI век пр.н.е., постојат сериозни индиции кои укажуваат на постоење на етничка хомогеност на носителите на овие материјални наоди, која е најблиска до пајонските заедници.[78]

На категоријата накит припаѓа и една фрагментирана железна игла и ѓердан од пастозни мониста.

Поради големата фрагментација на железната игла, нејзиното типолошко-хронолошко дефинирање во овој случај е невозможно (Т. III/2).

Што се однесува до ѓерданот, направен е од ниска на 23 перфорирани мониста, изработени од светлосина и светложолта стаклена паста. Нивната форма варира од неправилно топчеста до благо биконична (Т. III/1). Ѓерданите од пастозни мониста се релативно чест облик на накит, забележан во женските гробови на некрополата Милци,[79] Сува Река[80] и Радања[81], во сите случаеви во контекст поблизок до VII век пр.н.е. Многу добро се знае за употребата на стаклената паста за изработка на накит во различни праисториски периоди, така што нивната улога во одредувањето на времето на погребување е од второстепен значај.

Керамички садови

Сите три приложени садови од керамичкиот комплет се работени на грнчарско тркало. Кај бокалот со косо засечена задна страна на вратот и длабоката чинија со две хоризонтални рачки уочуваме идентична црвено-окераста фактура на керамиката (Т. III/5,7). Третиот сад е шолја со две вертикални рачки и припаѓа на групата сива кермика (Т. III/6).

Разгледувани во поширокиот контекст на нивната припадност, тие се дел од македонската керамографија од железното време, која се одликува со препознатливи елементи на домашното керамичко наследство и влијанијата од југ. За хронолошката заднина на доцнохеладската керамика[82] и создавањето на керамичките групи на "мат боената" керамика во долината на Вардар, како локална реакција на микенскиот импорт,[83] во детална анализа и елаборација кај Паровиќ-Пешикан М.[84]

Бокалот со косо засечена задна страна на вратот целосно е прекриен со "мат црвена" боја, а вратот е украсен со сноп од три врежани хоризонтални линии (Т. III/7). Овој начин на пластично украсување на садовите бил и порано забележан помеѓу наодите на некрополите Милци и Сува Река.[85] Историската декорација е регистрирана на два бокала од сивата керамичка продукција во новооткриените гробови-цисти бр. 94 и 95. Нивното датирање во првата половина на VII век пр.н.е., се потпира на еднопетлестите фибули со издолжена нога и копјест завршок на лакот кон главата. Тоа е тип на фибула прецизно датиран преку наодите од Радања[86], "музејот на град Белград"[87] и Сува Река.[88] Според тоа и бокалот од овој гроб со иден-

---

сл. 2а; гроб 32 - фибула без "осумка", 25, сл. 11ѓ; Видески З. 2003, сл. 196, 197.

[76] Хусеновски Б. 2015, 16, 17, каталог на наоди бр.10.

[77] Митревски Д., Карактеристични форми на "македонските бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар, *Macedoniae Acta Archaeologica* 9 (1983-1984), Скопје 1988, Карта I.

[78] Васиќ Р., Халштатске некрополе у долини Вардара, Халштатски скуп, Научни скуп - Београд, Београд 1979, 224; Гарашанин М. - Гарашанин Д. 1959, 48-50; Mikulčić I. 1966, 21-23.

[79] Пашиќ Р. 1987, гроб 24, 77; Од истражувањата од 2011-2016: гробови-јами бр. 98, 100, 107, 108 и гробови-цисти бр. 89, 101, 105 и 114.

[80] Eadem. 1978, гроб 48, 27, сл. 16 б.

[81] Гарашанин М. - Гарашанин Д. 1959, 39-40, сл. 56.

[82] Parović-Pešikan M., Finds of Mycenean pottery imported into Macedonia, *Archaeologica Iugoslavica* XX-XXI, Beograd 1980-1981, 56-61; Eadem., Неки аспекти ширења егејске и грчке културе на централни Балкан, *Старинар н.с.* XXXVI 1985, Београд 1985, 32.

[83] Eadem., 1985, 32 (со литературата).

[84] Види бел., 82, 83.

[85] Пашиќ Р. 1987, Милци - гроб бр. 27, Т. V/2; Eadem. 1978, Сува Река - гроб бр. 9, сл. 2 в; гроб бр. 32, сл. 11а, б.

[86] Гарашанин М. - Гарашанин Д. 1959, сл. 63-66.

[87] Васиќ Р. 1977, 13, сл. 5.

[88] Пашиќ Р. 1978, сл. 13в; Хусеновски-Сламков 2005, сл. 38.

тична орнаментика не би можел да излезе од рамките на предложеното датирање.

Што се однесува до чинијата со две хоризонтални рачки, таа како форма е застапена со неколку ретки примероци, кои биле откриени во текот на почетните ископувања на матичните некрополи Милци[89] и Сува Река.[90] На таа група припаѓаат и чиниите откриени во гробовите бр. 94 и 95. На чинијата од гробот 125, декорацијата која е хоризонтално распоредена на зоните на работ на отворот, двете рачки, надворешната долна половина и целата внатрешност на стомакот, изведена е со "мат црвена" боја (Т. III/5). Во контекст на вреднуваните метални наоди, чиниите од гробовите бр. 94 и 95 (како и бокалите), претставуваат директна типолошка и хронолошка аналогија на нашиот наод.

Покрај двата керамички сада со едноставна црвено "мат боена" декорација, била приложена и една сива шолја со две вертикални рачки (Т. III/6). Застапеноста на садови од двете керамички групи во рамките на една затворена гробна целина, ја потврдува нивната паралелна употреба и дистрибуција во текот на VII век пр.н.е. Најран обид за групирање на идентичен мат-боен и сив керамички материјал од Чаушица, централна и источна Македонија, искажал Кесон во своите извештаи од 1921 и 1925 год., кој подоцна бил прифатен и презентиран во трудовите на Бузек Ј., и Пашиќ Р.[91] Бузек врз основа на реактуелизираната класификација на Кесон, во групата Б ги сместува "*well-worked*"- добро изработените садови од црвена глина со едноставна сликана декорација, работена на грнчарско тркало како и оние од групата Ц со сива боја, наречени *"Greek bucchero"* која ја поврзал со доцниот геометриски VII век пр.н.е. Освен теренската ситуација на некрополата Чаушица, каде што е документирана паралелна појава на садовите од групите А-Ц и А-Б, сега во рамките на гробот бр. 125 од некрополата Милци констатираме и комбинација помеѓу садовите од групите Б-Ц.

За ретката појава на постарата сива керамика во Македонија, која се врзува за *На С*, поодамна информирал Микулчиќ И.[92], а за потеклото и ширењето на оваа сива *"bucchero"* и лентесто "мат боена" керамика на населбите во Повардарјето и Македонија, своевремено се произнесла и Паровиќ-Пешикан М.[93] За поодминатата фаза на сивата керамика во рамки на долноповардарските некрополи и нејзиното преживување во крајот на VI и средината на V век пр.н.е., елаборирано е во трудот на Георгиев З.[94]

Според погоре искажаната типолошко-хронолошка анализа на наодите во дадената археолошка околност, погребувањето на покојничката во гробот 125, не би требало да се датира после првата половина на VII век пр.н.е., со поголема веројатност на почетокот на векот.

* * *

Пајонските заедници не оставиле траги од писмо, што укажува на фактот дека својата "историја" ја пренесувале во усмена форма. Во таков културно-етнолошки амбиент, појавата на нивни материјални наоди, освен пишаните извори забележани и интерпретирани од други народи, се единствено сигурни во обидот за делумната реконструкција на нивниот богат духовен живот. Како последица на таквиот "нем" трансфер на нивната историја и култура, предметите од богатиот гробен инвентар немаат име и конкретно дефинирана функција. Истражувачите од своја страна, за жал и понатаму ќе мора да се задоволат со опис на предметот, компарацијата со обликот и името на некој современ предмет, што на некој начин ќе ја оправда натамошната употреба на имиња од т.н. "работна" верзија.

Во недостаток на таков конкретен материјал за аналогија, до откривање на нови истоветни или слични наоди, нашиот иницијален наод во контекст на местото на откривањето, може да го понесе името - приврзок од типот "Милци".

---

[89] Eadem. 1987, гроб бр. 24, 77. - (нема податоци за декорацијата на садот).

[90] Eadem. 1978, гроб бр. 32, сл. 11,г; гроб бр. 48, сл.16, в.

[91] Bouzek J. 1974, 314; Pašić R. 1981, 109-112.

[92] Микулчић И., Илирско-архајски гробови из околине Штипа, *Старинар, н.с. књ.* XIII-XIV/1962-1963, Београд 1965, 206.

[93] Паровић-Пешикан М. 1985, 35-40, Т. IV-VI.

[94] Георгиев З., Елементи на раната антика во Долното Повардарје, *Годишен Зборник на Филозофски Факултет кн.2*, Скопје 1984, 57-59, 74.

КАТАЛОГ НА НАОДИ

1. Ѓердан, должина ок.18.0 см., стаклена паста,
   23 мониста,
   висина 0.7-1.4 см., пречник 0.9-1.6 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9949, непубликувано

Ѓердан составен од ниска на бледо жолти и сини мониста од стаклена паста. Монистата се со топчеста или благо биконична форма, внимателно зарамнети на перфорираните страни.

2. Игла, железо, лиење,
   должина 11.2 см., пречник 0.6 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9958, непубликувано

Фрагментирана игла од железна жица со кружен пресек.

3. Фибула - "очилеста", бронза, лиење,
   должина 8.6 см., пречник-диск 4.0 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9950, непубликувано

Спиралните дискови на фибулата, изработени се од бронзена жица со ромбоиден пресек, и истите во средината се поврзани со јазол во облик на бројот осум. Првичната бронзена игла е скршена и заменета со нова железна.

4. Фибула - "очилеста", бронза, лиење,
   должина 9.0 см., пречник-диск 3.9 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9951, непубликувано

Идентична со претходната.

5. Чинија, керамика, грнчарско тркало,
   висина 9.6 см., пречник-обод 21.7 см.,
   пречник-дно 6.2 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9952, непубликувано

Чинија со широк, благо извлечен раб на отворот и две хоризонтални, делумно закосени рачки со кружен пресек. Конусниот стомак завршува со ниска цилиндрична нога. Садот е изработен од пречистена, добро печена црвено-окераста керамика. Работ на отворот, рачките, целата внатрешна и долната половина на надворешната страна на стомакот, обоени се со заситена црвена мат-боја.

6. Шолја, керамика, грнчарско тркало,
   висина 8.5 см., пречник-стомак 11.7 см.,
   пречник-обод 8.4 см., пречник-дно 5.3 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9953, непубликувано

Шолја со две вертикални лентовидни рачки кои го надвисуваат рамниот раб на отворот. Под благо извлечениот-конкавен врат се шири сферниот рецепиент, кој завршува во рамно дно. Тенките ѕидови на садот изработени се од добро пречистена, црно-сива глина со примеси на ситни зрна на лискун. Долната половина на стомакот е украсена со хоризонтален сноп од три плитко врежани линии.

7. Бокал, керамика, грнчарско тркало,
   висина 18.2 см., пречник-стомак 15.0 см.,
   пречник-обод 8.6 см., пречник-дно 9.3 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9954, непубликувано

Бокал со косо засечена задна страна на вратот. Вертикалната рачка со кружен пресек ги поврзува најниската точка на вратот и најиспакнатата на сферниот стомак. Висината на рачката не го надминува работ на отворот. Надворешната страна на вратот, украсена е со сноп од врежани три хоризонтални линии. Дното на бокалот е широко, рамно и делумно конвексно. Садот е изработен на витло од добро пречистена и квалитетно печена црвено-окераста керамика. Целосно е обоен со заситена црвена мат-боја.

8. Приврзок - "лира", бронза, техника на лиење
   - "излеан восок" (*cire perdue*), висина 10.1 см.,
   ширина 6.7 см.,
   Милци, Гевгелија,
   Музеј Гевгелија,
   инв.бр.9955, непубликувано

Бронзен приврзок во форма на стилизиран музички инструмент - лира. Горниот дел на приврзокот "резонатор" (ήχεῖον), излеан е компактно. Компониран е од три алки, хоризонтално поставени во отворена ромбоидна рамка, која ја формираат две биконични ленти со заострени врвови (протоми на змиски глави ?). Долниот дел, преку една квадратна дршка се развива во детално стилизирана шуплива рамка - "рогови на

лирата” (πῆχυς), излеана во техника на “истечен восок” (*cire perdue*), а другите делови компактно. Надворешните, внатрешните и бочните страни на роговите, украсени се со перфорирани геометриски слики на триаголници и кругови. Од основата на роговите, од една псеудо-алка (χορδοτόνον) се спуштаат три жици, фиксирани за една хоризонтална прачка (ζυγόν), која е заглавена помеѓу врвовите на роговите. Во внатрешниот простор на рамот, блиску до завршетоците на роговите, прицврстени се два стлизирани елементи, по својот изглед блиски до висулци од типот на “ажурирани” топки (?).

9. Култна чашка (*pixys pendant*), бронза, лиење,
висина 8.4 см., пречник 4.2 см.,
Милци, Гевгелија,
Музеј Гевгелија,
инв.бр.9956, непубликувано

Чашката има кружен биконичен стомак. Горниот дел на стомакот завршува со отвор кој од внатрешната страна е кружен, а од надворешната елипсовиден. На краевите од работ на отворот, издадените мали перфорирани “уши”, украсени се со сноп од врежани коси линии. На долниот дел на чашката, поставена е долга нога со прстенест завршеток. Најширокиот дел од стомакот го красат два врежани хоризонтална прстени, од кои кон средината на работ на отоворот се шират два вкрстени снопа врежани линии. Од средината на елипсовидниот капак се издига долга вертикална дршка со прстенаст врв, врз која е поставено биконично монисто (регулатор). Краевите на капакот преминуваат во издолжени протоми на птици, со “манеристички ”изглед на главите.

10. Висулец-ажурирана топка, “кафез за
птици” (*“Bird cage” pendant*),
бронза, техника на лиење - “излеан восок”
(*cire perdue*),
висина 6.4 см., пречник 4.1 см.,
Милци, Гевгелија,
Музеј Гевгелија,
инв.бр.9957, непубликувано

Висулец со благо нагласено биконично тело, ажуриран со два реда триаголни отвори. Над телото е алка со едноставен овален отвор, а на неговото дно ниска цилиндрична нога.



Б. Хусеновски 2015

предна страна

8.

задна страна



Б. Хусеновски 2015

1.

2.



3.



4.



5.



6.



7.



9.

10.

Б. Хусеновски 2015

БИБЛИОГРАФИЈА

Бабиќ С. 2004, Поглаварство и полис, САНУ - Балканолошки институт, *посебна издања 81*, Београд 2004.

BMC Macedonia 1876, B.V.Head, *A catalogue of the Greek coins in the British Museum*, Macedonia, Etc., London 1876.

Bouzek J. 1969, Homerisches Griecheland, Universiteta Karlova, Praha 1969.

Bouzek J. 1973, Graeco-Macedonian bronzes (Analysis and chronology), Universiteta Karlova, Praha 1973.

Bouzek J. 1974, Macedonian bronzes, Their Origins, Distributions and relations to Other Cultural groups of the Early Iron Age, *Památky archeologické* LXV, Praha 1974, 278-339.

Bouzek J. 1997, Greece, Anatolia and Europe: Cultural interrelations during the Early iron age, *Studies in Mediterranean archaeology*, Vol CXXII, Jonsered 1997.

Creese E. David. 1997, The Origin of the Greek tortoise-shell lyre, Dalhousie University Halifax, Nova Scotia 1997.

Чаусидис Н. 2017, Македонски бронзи и религијата и митологијата на железнодобните заедници од средниот Балкан, Центар за истражување на предисторијата, Скопје 2017.

Descamps-Lequieme S. 2011, Les foilles du service archéologique dé l'armée d'Orient (1917-1918) – La nécropole Bohemitsa - "Tombe découverte le 21 juin", Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011, 89-104.

Drougou S. 2011, Vergina, la nécropole des tumuli, Au royaume d'Alexandre le Grand - *catalogue*, Louvre, Paris 2011, 178-180.

Гарашанин Д. 1976, Проблемот на датирањето на "македонската бронза" со посебен осврт на наодите од Радања, *Macedoniae Acta Archaeologica* 2, Прилеп 1976,135-140.

Гарашанин М.- Гарашанин Д. 1959, Археолошка ископавања у селу Радању, на локалитету "Криви Дол", *Зборник на штипскиот Народен музеј* I (1958-1959), Штип 1959, 9-60.

Георгиев З. 1983, Гробот 31/35 од некрополата Милци кај Гевгелија, *Зборник на Археолошки Музеј Скопје* 10-11, Скопје 1983, 65-71.

Георгиев З. 1984, Елементи на раната антика во Долното Повардарје, *Годишен Зборник на Филозофски Факултет кн.*2, Скопје 1984, 51-84.

Graves R. 1995, Grcki mitovi, Beograd 1995.

Хусеновски Б. 2004, Античките монети од Вардарски Рид, Том I, Гевгелија 2004.

Хусеновски Б. 2005, Милци 1997 - заштитно ископување, *Macedoniae Acta Archaeologica* 16, Скопје 2005, 89-116.

Хусеновски Б. 2015, Војнички гроб од некрополата Милци кај Гевгелија, *Патримониум. мк* 13, Скопје 2015, 11-36.

Хусеновски Б. 2017, Античките монети од Вардарски Рид, Том II, (во печат) .

Хусеновски Б. - Сламков Е. 2005, Водич низ постојаната археолошка поставка, Народен музеј, Гевгелија 2005.

Killian K. 1975, Trachtzubehör der Eisenzeit zwischen Ägäis und Adria, *Praehistorische Zeitschrift Band* 50, Berlin-New York, 1975.

Kilian-Dirlmeier 1979, Anhänger in Griechenland von der mykenischen bis zur spätgeometrischen Zeit (*Prähistorische Bronzefunde* XI, II), Munich 1979.

Микулчиќ И. 1965, Илирско-архајски гробови из околине Штипа, *Старинар, н.с. књ.* XIII-XIV/1962-1963, Београд 1965, 197-209.

Mikulčić I. 1966, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, ADJ Arheološki muzej – Skopje, Skopje –Beograd 1966.

Митревски Д. 1988, Карактеристични форми на "македонските бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар, *Macedoniae Acta Archaeologica* 9 (1983-1984), Скопје 1988, 83-100.

Митревски Д. 1991, Дедели, Скопје 1991.

Митревски Д. 1999, Гробот на пајонската свештеничка, *Macedoniae Acta Archeologica* 15, Скопје 1999, 69–91.

Parović-Pešikan M. 1980-1981, Finds of Mycenean pottery imported into Macedonia, *Archaeologica Iugoslavica* XX-XXI, Beograd 1980-1981, 56-61.

Паровиќ-Пешикан М. 1985, Неки аспекти ширења егејске и грчке културе на централни Балкан, *Старинар н.с.* XXXVI 1985, Београд 1985, 19-47.

Пашиќ Р. 1977, Археолошко истражување на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Macedoniae Acta Archaeologica* 3, Прилеп 1977, 43-56.

Пашиќ Р. 1978, Археолошко испитување на локалитетот Сува Река во Гевгелија, *Зборник* (1975-1977), Археолошки Музеј на Македонија, кн.VIII-IX, Скопје 1978, 21-52.

Pašić R. 1981, Povardarje u Starijem gvozdenom dobu, (*magistarski rad*), Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet - Arheologija, Beograd 1981, (Музеј-Гевгелија, арх.бр.347-255 од 14.04.1987 год.)

Пашиќ Р. 1983, Некропола од постаро железно време во село Дедели кај Валандово, *Зборник на Археолошки Музеј Скопје кн.*X-XI, (1979-1982), Скопје 1983, 61-64.

Пашиќ Р., и др. 1987, Некрополата "Милци" кај Гевгелија, *Културно наследство* XI, Републички Завод за Заштита на Спомениците на Културата, Скопје 1987, 75-103.

Петрова Е. 1999, Пајонија во II и I милениум пред н.е., Скопје 1999.

Проева Н. 2014, Религијата кај Античките Македонци, Скопје 2014.

Sacsh C. 1968, The History of Musical Instruments, W.W.Northon & Company inc., New York 1940, (c.renewed) 1968.

Санев В., и др. 1976, Санев В., Симоска Д., Китаноски Б., Саржоски С., Праисторија во Македонија, Скопје 1976.

Savvopulou-Yiannaki T. 1993, La civilization Grecque-Macėdoine royaume d'Alexandre le Grand, Athènes 1993, 143-147.

Σαββοπουλου Θ. 2007, «Απ' Αξιου ευρυ ρεοντοσ Αξιου, ου καλλιστον υδωρ επικιδναται Αιαν», *Ancient Macedonia* VII, Thessaloniki 2007, 605-624.

Соколовска В. 1997, Етничките носители на Требенишката некропола, Скопје - Охрид 1997.

Соколовска В. 2014, Религија и култови во хеленистичко време на територијата на Република Македонија, *Патримониум. мк* 12, Скопје 2014, 63-77.

Соколовска В. 2016, За импортот во Пајонија во античко време, *Патримониум. мк* 14, Скопје 2016, 53-60.

Тасић Н. 1998, Гвоздено доба, Археолошко благо Косова и Метохије, Српска академија наука и уметности и музеј у Приштини, Београд 1998,148-226.

Васић Р. 1974, Бронзе из Титовог Велеса у музеју Бенаки, *Жива Антика* XXIV/1-2, Скопје 1974, 213-235.

Васић Р. 1977, Нови елементи за проучавање гвозденог доба Вардарске Долине, *Старинар н.с.* XXVIII/1976, Београд 1977, 1-17.

Васић Р. 1979 а, О хронологији старијег гвозденог доба у Србији, *Старинар н.с.* XXVIII, Београд 1979, 254-265.

Васић Р. 1979 б, Халштатске некрополе у долини Вардара, Халштатаски скуп, Научни скуп-Београд, Београд 1979, 219-224.

Видески З. 1999, Лисичин Дол – некропола од железно време (истражувања 1997), *Macedoniae Acta Archaeologica* 15, Скопје 1999, 91-111.

Видески З. 2003, Македонски бронзи - *каталог*, Музеј на Македонија, Скопје 2003.

Boban HUSENOVSKI

THE PENDANT -"LYRE" FROM THE NECROPOLIS MILCI

(Contribution in the research of the religion of the Paeonian community in the lower flow of the river Vardar)

Summary

The wealthy and various discoveries of metal objects (grave finds) found on the necropolises from the Iron Age in the region of the lower flow of the river Vardar have been systematically classified and evaluated. From time to time, some new finds appear from unregistered grave finds which enhance, and become essential in expanding the image of the grave manifestations. Such a find for the first time was discovered at the site Milci, and other necropolises of lower flow of the river Vardar, this was the pendant of a "lyre" found in the cist grave125. This find represents a stylized form of the musical instrument-lyre (phorminx) exposing a distant Mesopotamian origin, which later was accepted and became popular in the Aegean civilization.

In context of the discovered finds, of the "Macedonian – Paeonian" bronzes, this pendant has the function of a cult object, although in the background of the role, it has a very decorative, and probably a votive profile .The absence of similar analogies on the sites and it's the vicinity, and further on, also generates the question of its provenance, and the purpose for the appearance in the funeral finds of a woman, dating from the first half of the 7th century B.C.

The necropolis at Milci is one of the outstanding and most important sites in the frames of lower flow of the river of Vardar, and the members of the Paeonian community, entrusted a clear and historic mark. We assume, according to the finding place, this unique and valuable find can bear the name as the pendant of"Milci".